# АФИРМАЦИЈА, ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ И ПРОШИРУВАЊЕ НА ВЕКОВНИТЕ КУЛТУРНИ ВРСКИ МЕЃУ Р.МАКЕДОНИЈА И Р.СРБИЈА

***(Зборник на трудови од Меѓународен научен симпозиум)***





БИТОЛА
2016

КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА СРБИЈА
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - БИТОЛА

# Афирмација, продлабочување и проширување на вековните културни врски меѓу Р.Македонија и Р.Србија

(Зборник на трудови од Меѓународниот научен собир, одржан на 30-ти и 31-ви октомври 2015 година во Битола)

БИТОЛА
2016

CONSULATE OF REPUBLIC OF SERBIA
IN REPUBLIC OF MACEDONIA - BITOLA

# Promotion, enhancement and expansion of centuries-old cultural ties between Republic of Macedonia and Republic of Serbia

(proceedings from the International Scientific Conference held on 30th and 31th October 2015 in Bitola)

BITOLA
2016

КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА СРБИЈА
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - БИТОЛА
______________________________________________
**Библиотека:** Зборници на трудови од одржани научни собири

**Редакциски одбор:**
м-р Силјан Мицевски,
прод. д-р. Александар Стерјовски,
проф. д-р. Вера Стојчевска - Антиќ,
проф. Снежана Петровска, проф. Славе Николовски - Катин,
м-р Зоран Пејковски, Весна Манојловска
**Издавач:**
Конзулат на Р.Србија во Р. Македонија – Битола
**За издавачот:**
м-р Силјан Мицевски, почесен конзул на Р. Србија
во Р. Македонија – Битола
**Рецензент:**
проф. д-р. Вера Стојчевска - Антиќ

Зборникот на трудови е финансиран од ГП “Пелистер” – Битола.
Организаторот ја искажува својата искрена благодарност.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

930.85(497.7:497.11)(062)

МЕЃУНАРОДЕН научен собир (2015 ; Битола)
Афирмација, продлабочување и проширување на вековните културни врски меѓу Р.Македонија и Р. Србија : (зборник на трудови од Меѓународниот научен собир, одржан на 30-ти 31-ви октомври во Битола) / [редакциски одбор Силјан Мицевски ... [и др.] ; превод Зоран Пејковски]. - Битола : Конзулат на Република Србија во Република Македонија =Bitola : Consulate of R. Serbia in R. Macedonia, 2016. - 688 стр. : илустр. ; 25 см. - (Библиотека Зборници на трудови од одржаните научни средби)

На наспор. насл. стр.: Promotion, enhancement and expansion of centuries-old cultural ties between Republic of Macedonia and Republic of Serbia : (proceedings from the International Scientific Conference held on 30th and 31th October 2015 in Bitola)

ISBN 978-608-65122-5-5
1. Ств. насл. на наспор. насл. стр. 2. Мицевски, Силјан [уредник] . - I. International Scientific Conference (2015 ; Битола) види Меѓународен научен собир (2015 ; Битола)
а) Културни врски - Македонија - Србија - Собири
COBISS.MK-ID 101547274

***Проф д-р Александар Растовиќ***
***Историски институт - Белград, Србија***

# „TIMES“ ЗА МАКЕДОНИЈА ВО 1908 ГОДИНА

Велика Британија како влијателна империјална сила посветувала посебно внимание на ситуацијата на Балканот, на Македонија, пред сè во Битолскиот вилает и тоа многу често после завршувањето на Илинденското востание во 1903 година. Во известувањето на нејзината јавност за Балканот и за Македонија (Битолскиот, Косовскиот, Солунскиот вилает) особено важна улога одиграл најугледниот британски дневен весник „Тајмс“ кој во текот на 1908 година скоро секојдневно објавувал најразновидни текстови за Македонија. Овој труд претставува прилог кон проучувањето на политичките прилики во Македонија во првата деценија на 20 век, но и на српско-македонските односи во тој период видени од страна на британското јавно мислење, односно печатот како негов важен чинител и креатор.

Битолскиот вилает, како посебна управно-територијална единица на Османлиската држава, е основан 1873 година. Опфаќал површина од 27.300 км² и бил поделен во пет санџака: битолски, серфеџиски, дебарски, корчански и елбасански. Битолскиот санџак бил поделен во пет кази: битолска, преспанска, охридска, кичевска и леринска.[1] На овој простор, за тогашните прилики, живееле голем број на жители. Прецизни податоци нема, но по извештаите на Димитрија Боди, првиот српски конзул во Битола, од 1889 година во Битолскиот вилает живееле помеѓу седумстотини и осумстотини илјади жители, од тоа меѓу двеста и двеста и педесет илјади Турци, десет илјади Евреи, додека останатите биле христијани.[2] Бројот на жители на овој вилает во текот на 1908 година надминал еден милион. Интересна е оцената на угледниот британски патеписец Хенри Бреилсфорд кој во својата книга ***Macedonia: Its Races and their Future*** од 1906 година истакнал дека во Битолскиот вилает живеел подеднаков број Албанци, Бугари и Грци.[3] Битола како административен, земјоделски, индустриски, трговски и воен центар на вилаетот, бил и најзначаен град во внатрешниот дел на јужната европска Турција.[4] Во градот, според податоците на Боди, живееле педесет илјади жители од кои дваесет и пет илјади христијани, дваесет илјади Турци и пет илјади Евреи. Јован Хаџи Васиљевиќ во својата студија за Битола наведува странски податоци за бројот на неговите жители од 1839 до 1911 година. Така, во 1839 г. во градот живееле 36000 жители, во 1864 г. бројот пораснал на 40000, а во 1906 г. достигнал цифра од 50000 жители.[5] Приближно иста цифра на жители на градот во 1906 година (51000) изнел и колегата Крсте Битоски.[6]

Интересен е извештајот за етничката припадност на жителите на Битолскиот вилает и националната пропаганда на балканските држави на ова подрачје кој го при-

1 Љ. Доклестиќ, *Српско-македонските односи во 19. век, до 1897 година*, Скопје 1973, 18.
2 С. Терзић, Конзулат Краљевине Србије у Битољу (1889-1897), *Историјски часопис* LVII (2008), Београд 2008, 331-332.
3 А. Растовић, *Велика Британија и македонско питање 1903-1908*, Београд 2011, 41-42.
4 Ј. Хаџи Васиљевић, *Град Битољ. Из дела: „Кроз Стару Србију и Македонију“*, Београд 1911, 23.
5 Исто, 33.
6 К. Битоски, *Дејноста на Пелагониската Митрополија (1878-1912). Грчки религиозни-просветни и вооружени акции*, Скопје 1968, 29-30.

реди Чарлс Елиот, секретар на британската амбасада во Цариград, после своето патување по Македонија, во есента 1894 година. Елиот пишува дека Македонија ја сочинуваат три турски вилаети: Битолски, Солунски и Косовски и дека на тоа подрачје живеат најмалку шест сосема различни нации: Турци, Албанци, Власи, Грци, Бугари и Срби. Турците и Албанците се јасно препознатлива група, а останатите тешко можат да се раздвојат. За Грците во Македонија рекол дека немаат ништо хеленско во себе. Меѓутоа, најтешко е да се разделат Бугарите и Србите. Сметал дека чистите Бугари ги населуваат областите кои се простираат кон јужната граница на Кнежевството Бугарија, а Србите го населуваат северниот дел од Косовскиот вилает. Во подрачјето на Битолскиот и Солунскиот вилает најголемиот дел од населението го сочинува словенската раса која не говори ни бугарски ни српски јазик. Тој јазик не се користи ниту во Белград ниту во Софија, но се чини дека има најмногу сличности со бугарскиот јазик. Исто така, забележал дека Битола е главен центар на грчкото движење, а дека Бугарите, и покрај тоа што се многу активни, не постигнуваат големи резултати. Моќта на грчкото движење се гледа во големиот број на цркви и школи кои се изградени во градот. Меѓутоа, вистински Грци има малку, а, главно тоа се Власи кои го говорат грчкиот јазик. Укажал дека во градот многу активно делуваат српскиот и романскиот конзулат, но дека по неговите сознанија „српската национална работа во оваа област неуспешно се развива“.[7] Интересно е дека и Слободан Јовановиќ, шеф на Политичкото одделение на Министерството за надворешни работи на Србија, при посетата на српските конзулати во Турција во 1894 година, забележал дека во Битолскиот вилает „српската пропаганда нема никаков правец“, односно дека во таа област „имаме најмалку резултати“.[8]

Меѓутоа, сосем поинакво мислење изнесе Чарлс Хемпсон, британски вицеконзул во Битола, на 28 јануари 1898 г. во еден извештај упатен до Џон Блунт, британски генерален конзул во Солун. Осврнувајќи се на ширењето на странските пропаганди во Македонија, во 1897 година изнел забелешка дека српската пропаганда делувала силно и постигнала значаен успех првенствено во отворањето на училишта во Македонија. По неговите податоци, во 1896 година на територијата на Македонија отворени се 6 српски училишта во кои учеле 530 ученици, а во 1897 г. делувале 18 училишта со илјада и петстотини ученици и шеесет и седум учители. Од овие, во Битола постоеле две основни училишта, со 340 ученици.[9] Сепак, искажал сомнеж дека Србите во Македонија имаат развиено национално чувство, и дека во многу случаи многу жители кои се изјаснуваат како Срби се водени од лични интереси.[10]

Заради својата важност и градот и вилаетот претставувале зона на интересирање на големите сили, но и на соседните балкански држави Бугарија, Грција и Србија. И големите сили и околните балкански држави имале свои дипломатско-конзуларни претставништва во Битола. Велика Британија уште во октомври 1851 година

7 PRO FO 78/4543, ДАРМ, М-115-119, у: Д. Горгиев, Британски документи за историјата на Македонија, (1886-1900), том V, бр. 103, Скопје 2005, 326-327, 338.

8 Р. Љушић, Извештај Слободана Јовановића о посети српским конзулатима у Турској из 1894. године, *Историјски гласник* 1-2, Београд 1987, 208.

9 Најголемиот број српски училишта во Македонија делувале во текот на 1901 и 1902 година, и тоа вкупно 217 училишта со 9179 ученици и 409 учители, од нив во Битолскиот вилает имало 34 училишта, 1686 ученици и 67 учители. К. Џамбазовски, Културно-општествените врски на Македонците со Србија во текот на XIX век. Скопје 1960, 244.

10 Д. Горгиев, Британски документи за историјата на Македонија, том V, бр. 191, стр. 547.

го поставила својот прв конзул. Тоа бил Џон Аугустус Лонгворт кој конзулската служба ја вршел до 1860 година кога најпрво станал конзул, а од 1869 година и генерален конзул на Велика Британија во Белград и на тоа место останал до 1875 година. Во меѓувреме, од 1857 до 1858 г., британски вицеконзул во Битола бил Џон Блунт кој претходно бил на служба во Белград, а бил познат по своите антируски ставови.[11] Велика Британија го укинала конзулатот во Битола во септември 1872 година и го ставила под јурисдикција на солунскиот генерален конзулат. Од 1873 г. британските интереси во Битола ги застапувале австриските конзули, и таквата состојба траела до февруари 1887 г. кога британската влада го поставила Хенри Дадлеј Барнхем за вицеконзул во Битола. Од 23 август 1898 до март 1903 година британскиот вицеконзулат делувал во Скопје, а конзуларната служба во името на Велика Британија во градот ја извршувал италијанскиот конзулат и драгоманот Теодор Писурика. Во март 1903 година британскиот конзулат во Битола повторно е отворен и прв вицеконзул станал Џејмс Мак Грегор, кој од декември 1903 година ја извршувал должноста британски конзул. Од почетокот на 1907 г. до септември 1908 г. конзул бил Волтер Хиткот, за потоа, до 1915 година, во Битола да бидат на служба повторно само британски вицеконзули, односно заменици на конзулот.[12]

Србија конзулатот во Битола го отворила на 25 април 1889 година во присуство на сите странски конзули и голем број на граѓани. Димитрије Боди, првиот конзул на Кралството Србија во Битола, инаку новинар и дипломат, во своите извештаи пишувал за космополитскиот дух на овој вистински конзулски град.[13] За отворањето на српскиот конзулат во Битола пишувал и Џон Блунт, британски генерален конзул во Солун, до Вилијам Вајт, амбасадор на Велика Британија во Цариград, на 16 ноември 1888 година, како и дека задача на новоотворениот конзулат била да организира српски училишта во Скопје, Битола, Прилеп, Приштина, Призрен, Куманово и Велес.[14]

„Тајмс“, како најстар и најугледен британски дневен весник, опширно пишувал за Македонија и за Битолскиот вилает на почетокот на 20 век, а посебно меѓу 1903 и 1908 година. Редакцијата на весникот во текот на 1908 г. објавила преку осумдесет кратки и подолги текстови и тоа најмногу во февруари, март и јули таа година. Широк е дијапазонот на обработуваните теми: политичката и воената ситуација во Солунскиот и Битолскиот вилает, упадите и делувањето на комитите од Бугарија, Грција, Србија, масакрите, убиствата и пљачкањата на христијаните од страна на Турците, но и различните комитски групации, постоењето на различни политички решенија за конечниот статус на Македонија, односот на големите сили кон Македонија во рамките на нивните интереси на тоа подрачје, реформскиот предлог на Велика Британија и нејзиниот шеф на дипломатијата Едвард Греј за воведување на мобилни полициски единици за поефикасна пацификација на ситуацијата во Македонија, односно одржување на редот и мирот, делувањето на Младотурското движење посебно во Битола и целите и текот на Младотурската револуција, активностите на Балканскиот комитет за македонските работи.

11 АС, МИДС, ПО, Ф-III, Д-II, Пов. бр. 1329/1889, К. Христић-С. Грујићу, 10. IX 1889, у: Грађа за историју македонског народа, том IV, књига III (1888-1889), бр. 240, Београд 1987, 598.
12 Исти, *Британски конзули во Македонија 1797-1915. година*, Скопје 2002, 447-448.
13 С. Терзић, нав. дело, 331.
14 PRO FO 78/4118, ДАРМ, М-160/243-245, у: Д. Горгиев, Британски документи за историјата на Македонија (1886-1900), том V, бр. 47, Скопје 2005, 196.

Редакцијата на „Тајмс“ посветувала големо внимание на политичката и воената ситуација во Македонија во 1908 година. Инаку, македонското прашање како посебно политичко и дипломатско прашање ќе биде отворено по 1878 година за да кулминира по 1903 година, кога британската политика, како и јавното мислење ќе почне да му посветува посебно внимание.[15] Во текстот ***The Condition of Macedonia,*** од 4 март 1908 година, се пренесува сумарна оцена на ситуацијата во Македонија, која је изнел капетанот Александар Спајтс, австриски офицер кој долго престојувал во Македонија. Според него, релативната неефикасност на жандармеријата во Македонија е условена со лошата турска администрација и судскиот систем што „ја држи земјата во континуирана состојба на беззаконие и агитации“. Спајтс се прашува што би можела да направи и најдобрата жандармерија на светот во земја во која „судиите ги пуштаат на слобода докажаните криминалци или ги прогонуваат луѓето кои се противат на варварските и неправедни казни“. Според него, организацијата на жандармеријата може да биде успешна само ако се изврши истоветно со реформата на судството. Жандармеријата е немоќна во пресметката со комитските чети и единствено решение претставува формирање на мобилни жандармериски единици под команда на странски офицери кои би можеле да дејствуваат во секој момент.[16]

Интересно е да се нагласи дека извештаите за политичката и воената ситуација во Македонија кои ги пренесувал „Тајмс“ често биле контрадикторни односно поделени. И додека во некои написи ситуацијата се претставувала во полошо светло, други биле оптимистички. Еден од таквите извештаи објавен е на 5 март 1908 година под називот ***The Condition of Macedonia. Contrasted Aspects***. Во текстот, кој се повикувал на австриски извори, се истакнувало дека вестите кои доаѓаат од Македонија не се целосно незадоволувачки. Позитивните резултати од реформите се видливи наспроти некои национални вриења. Администрацијата работи регуларно, и меѓународната контрола успева да ги смали злоупотребите на локалните власти иако главниот проблем е во бројот на жандарми кои не се доволни ни да го сочуваат редот долж железничките пруги. Во текстот понатаму се констатира дека добра е ситуацијата и во сферата на финансиите, и, ако се продолжи со исполнување на обврските за уплатата на царината, буџетот предвиден за три македонски провинции ќе биде урамнотежен. Исто така, во градовите владее ред, а меѓу различните нации - мир. Портата презема енергични мерки против востаничките чети, но не може да се очекува престанок на нивните активности, додека се толерира нивното делување кое го поттикнуваат во Атина, Софија и Белград.

Меѓутоа, дописникот на весникот од Виена изразил сомнеж во ваквото афирмативно пишување на австрискиот печат за ситуацијата во Македонија, повикувајќи се на сведочењето на свој пријател кој добивал информации од прва рака од еден европски набљудувач кој подолго време престојувал на тој простор. Според него, рускиот цивилен агент е „циничен, бездушен, реакционерен, а австрискиот агент под доминација на Хилми паша и непрестано ги опструира сите предлози кои ги поднесуваат француските, британските и италијанските делегати во финансиската комисија“. Благодарејќи на делувањето на инспекторите од финансиската комисија,

15 А. Растовић, *Енглези и Балкан 1837-1914*, Београд 2015, 11.
16 The Times, March 4, 1908, N° 38585, p. 7, The Conditions of Macedonia.

помалку неправди и грубо однесување има при собирањето на таксите и даноците. Меѓутоа, од гушењето на востанието во 1903 година нема напредок во Македонија, нови патишта, училишта, развој на земјоделството. Жандармеријата се постројува на секој начин од турските офицери, а во Македонија и понатаму пристигнуваат големи количини оружје, посебно пушки во реонот меѓу бугарската граница, Серез и Скопје.[17]

За лошата ситуација во Македонија се пишувало и во текстот ***Macedonia. The Reform Proposals,*** објавен на 21 јули истата година. Со забелешка дека британскиот предлог реформи за Македонија, посебно оној дел што се однесува на воведување на брзи жандармериски единици за одржување на редот, бил прифатен од страна на Берлин и Виена, во истиот напис се калкулирало и со можното решение за статусот на Македонија. Новинарот, кој го напишал овој текст изнел две можни решенија: „едно е поделбата на Македонија меѓу балканските држави, а другото е можната окупација од некоја европска сила, при што сметал дека можеби најдобро би било тоа да го направи Австро-Унгарија“.[18]

Редакцијата на „Тајмс“ често објавувала и информации за воените прилики во Македонија, при што заедничкиот именител на сите текстови од тој тип секогаш бил дека воените прилики се лоши, дека се закануваат големи немири, посебно во првите денови од настанокот на Младотурското движење, при што често е апострофирана ситуацијата во Битола каде Младотурците имале силно упориште и поддршка. Во текстот ***The Murder of Shemsi Pasa*** од 14 јули се спомнувало дека ситуацијата во Македонија е напната, посебно во Битола каде е убиен турскиот генерал Шемси паша кој бил упатен со два баталјона турски војници од Косовска Митровица во Битола, од каде требало да го продолжи патот кон Ресен за таму да воспостави ред и мир. Меѓутоа, токму во Битола дошло до откажување на послушноста на дел од турските војници кои не сакале да тргнат во Ресен со турскиот генерал. Новинарот истакнува дека дошло до општа мешаница и пукања при што е убиен турскиот генерал.[19]

Една од најчестите теми кои го привлекувале вниманието на редакцијата на лондонскиот „Тајмс“ се однесувала на активностите на комитските чети кои во Македонија доаѓале од териториите на соседните балкански држави Бугарија, Грција и Србија како и масакрите и убивањата на христијаните кои ги вршеле тие комитски групации. Веќе на 20 јануари 1908 година објавен е текстот ***The Macedonian Feuds. Villagers Burnt Alive*** во кој пишувало дека група од 20 грчки комити, со уште 40 партијархисти, упаднала во селото Драгош кај Битола, дека „запалиле многу куќи и дека во таа прилика настрадале меѓу 25 и 45 жени и деца“.[20] Кон крајот на февруари истата година британската јавност е известена и дека во „Македонија продолжуваат судирите меѓу грчките и бугарските чети кои меѓусебно се убиваат, но дека во нивните судири гине и христијанско население“.[21]

„Тајмс“ пишувал и за активностите на српските комити во Македонија во 1908 година. Во написот ***Activities of the Bands,*** печатен на 21 април, се констатирало

17 The Times, March 5, 1908, N° 38586, p. 4, The Condition of Macedonia. Contrasted Aspects.
18 The Times, July 21, 1908, N° 38705, p. 7, Macedonia. The Reform Proposals.
19 The Times, July 14, 1908, N° 38699, p. 7, The Murder of Shemsi Pasa.
20 The Times, January 20, 1908, N° 38547, p. 6, The Macedonian Feuds. Villagers Burnt Alive
21 The Times, February 24, 1908, N° 38577, p. 5, The Powers and the Balkans Diplomacy and Reform.

дека неколку српски комитски чети се појавиле во Скопскиот вилает и дека делуваат под команда на војводата Пешковиќ, Трајко Васиљ и други. Се предупредувало дека овие „чети вршат притисоци врз населението во тамошните села за да се изјаснуваат како Срби и дека турските власти се наклонети кон српската пропаганда како еден вид противтежа на опасното бугарско движење.“[22] Кон крајот на мај, весникот известил дека „сто српски комити упаднале во бугарското село Страцин во Кратовската каза и запалиле 12 куќи, а убиле 6 луѓе, а на тоа не реагирале турските единици стационирани во близина на селото“.[23]

Делувањето на комитските чети од соседните балкански држави во Македонија ги загрижувало европските сили. Од нивните влади се барало да не „поттикнуваат, помагаат и испраќаат комити во Македонија“. На тие барања посебно се инсистирало во Лондон.[24] Меѓутоа, и други европски сили имале ист став. Дописникот на „Тајмс“ од Виена, во текстот ***The Turkish Army Officers,*** од 22 јули, известил дека Австрија бара Белград и Атина, по примерот на Софија, да се откажат од испраќање и разместување на чети во Македонија, со оцена од новинарот дека таму „е присутно интензивирање на активностите на востаниците кои имаат поддршка од Србија и Грција.“[25] Инаку, на 31 март уредништвото на „Тајмс“ со внимание ја проследило информацијата од Софија дека тамошниот Македонски комитет одлучил „сите комитски единици во Македонија да ги расформира, како и во областите каде ќе има малтретирање на населението од грчките или српските единици, односно албанските и нерегуларните турски трупи, населението да се самоорганизира, но да не се преземаат агресивни или офанзивни акции“. Дописникот на весникот од Софија го заклучува својот текст со ставот дека „мир во Македонија нема да има додека иста таква одлука не донесат во Белград и Атина.“[26]

Пишувајќи за судирите и злосторствата во Македонија, на 25 февруари, во написот ***Outrages in Macedonia,*** „Тајмс“ објавил драгоцени податоци кои говорат за големиот интензитет на борбите и убиствата кои се случиле на тој простор во 1907 година. Според официјалните податоци на територијата на Македонија само во текот на 1907 г. загинале “236 Бугари, 89 Грци, 88 Срби и 4 Власи, а уапсени се 10 Бугари, 29 Грци и 8 Срби“.[27]

Балканскиот комитет, како лобистичка група која вршела притисок на британската влада да преземе неопходни мерки за подобрување на политичката и севкупната ситуација во Македонија, е основан 1903 година.[28] Во 1908 година активноста на неговите членови во прилог на македонските работи, исто така, била многу интензивна за што говорат и текстовите објавени во „Тајмс“. Така, на пример, од текстот ***The Macedonian Question*** испечатен на 28 јануари, дознаваме дека Балканскиот комитет организирал конференција за македонското прашање во хотелот Вестминстер Палас во Лондон, на која говореле угледни членови на комитетот и пратениците Тревељан, Хенри Котон, Гуч, Томас Бакстон, Вилијем Мур, бискупот на Бирмингем, кои укажале на сета трагичност на меѓусебните судири меѓу христијаните (Грци-

22 The Times, April 21, 1908, N° 38626, p. 2, Activities of the Bands.
23 The Times, May 30, 1908, p. 2, Bulgarian Village Burned by Servians.
24 А. Растовић, Велика Британија и македонско питање, 131-144.
25 The Times, July 22, 1908, N° 38706, p. 9, The Turkish Army Officers.
26 The Times, March 31, 1908, N° 38608, p. 5, Bulgarian Bands to be Dissolved.
27 The Times, February 25, 1908, N° 38578, p. 5, Outrages in Macedonia.
28 А. Растовић, Велика Британија и македонско питање, 101.

те и Бугарите) во Македонија во која живеат различни нации. Учесниците на собирот предупредувале дека тамошната ситуација нема да се поправи додека не се постигне спогодба и не прекинат турските злосторства над жените и децата. Изнесен е и податок дека од „1904 до 1908 година во Македонија се убиени десет илјади луѓе". Членовите на Балканскиот комитет сметале и дека е можно решавање на тамошната ситуација со спроведување на судските реформи кои во 1906 година ги предложил лорд Ленсдаун. Во таа смисла, усвоена е и посебна резолуција.[29] Балканскиот комитет ги поддржал и предложените реформи за Македонија кои ги објавил Едвард Греј, шефот на Форин офисот, за што „Тајмс", исто така, ја известил јавноста.[30]

Покрај британскиот печат, за ситуацијата во Македонија, а посебно во Битолскиот вилает, во текот на 1908 година се интересирале и угледни претставници на британската јавност. Еден од нив бил и патеписецот Ален Апвурд. Тој кон крајот на декември 1907 г. и почетокот на 1908 година престојувал на подрачјето на Македонија. Во Битола стигнал од Солун и тоа по препорака на Хилми паша. Како резултат на неговите импресии од ова патување настанала книгата ***The East End of Europe***. Иако тврдел дека се трудел да биде објективен, сепак, во неговите погледи и ставови изнесени во оваа книга преовладуваат симпатии кон грчките аспирации за Македонија.[31]

Остро критикувајќи ја балканската и македонската политика на Бугарија, која ја оценувал како империјалистичка, Апвурд пишувал дека "Грците никогаш ни за момент не престанале да гаат надеж дека повторно ќе го добијат сето она што го изгубиле; Србите чуваат спомени од нивната мината слава во херојските балади и песни, а планините на Црна Гора станале тврдина на востаничката слобода. Бугарите се единствениот народ на Балканот кој никогаш сериозно не се побунил за да го оствари своето ослободување.[32] Бугарската агитација во Велика Британија, за да се придобијат тамошните политички кругови и јавното мнение за афирмација на нејзините цели во Македонија, почнала по Апвурд да добива на интезитет по 1897 година, за да го достигне својот врв меѓу 1903 и 1912 година.

Инаку, за престојот на Апвурд во Битола српската влада детално ја известил Сава Томиќ, српскиот вицеконзул во Битола меѓу 1907 и 1912 година[33] На 6 јануари 1908 година Томиќ го известил Никола Пашиќ, претседател на српската влада, дека Абпвурд ги посетил училиштата во селата Магарево и Раково, но дека не се сретнал нити со Волтер Хиткот, британски конзул во Битола, нити со другите странски конзули во градот. Исто така, го посетил српското училиште и се сретнал токму со Томиќ. Врз основа на оваа средба Томиќ извел интересни заклучоци за погледите на англискиот патеписец. Меѓу другото, заклучил дека Апвурд е „противник на четничките акции, дека ја апробира културно-просветната работа, наоѓа дека Бугарите се виновни што злото зацарувало во овие краеви, на Бугарите им ја негира доминантната положба и склон е кон убедувањето дека Македонците се Бугари колку што се и Срби. Турција ја жали за тоа што цел свет ја експлоатира, а влијанието на грчката пропаганда го припишува на

29 The Times, January 28, 1908, N° 38554, p. 8, he Macedonian Question.
30 The Times, March 6, 1908, N° 38587, p. 6, The Balkan Committee.
31 А. Растовић, Велика Британија и македонско питање, 38.
32 A. Upward, The East End of Europe, London 1908, 14-24.
33 Саво Ј. Томиќ од 1903 до 1905 година бил писар во српскиот конзулат во Битола

влијанието на Патријаршијата. Изненаден бил од големиот број на ученици во грчките училишта."[34] Томиќ таа оцена му ја објаснил со фактот што тоа се словенско-патријархиски деца, чии родители не сакаат да бидат Бугари, а од грчкиот терор не смеат децата да ги испратат во српски училишта.[35]

Интересни се и констатациите на Томиќ дека Апвурд не дошол во Македонија во некоја специјална мисија, туку дека дошол да се запознае со тамошната ситуација, за врз основа на тоа да напише книга, што по враќањето во Лондон навистина и го направил. Томиќ имал и средба со британскиот конзул Хиткот од кој дознал некои поважни биографски податоци за Апвурд. Овој контроверзен Англичанец завршил правни науки, и едно време бил адвокат. Работел и како чиновник во Министерството на колониите, а потоа едно време бил во дипломатска служба во Тунис и во некои англиски провинции во Африка. Интересно е дека Хиткот го оспорувал Апвурдовиот стручен кредибилитет, сметајќи дека неговото име не е пошироко познато. Томиќ, од друга страна, стекнал позитивно мислење за Апвурд, сметајќи дека се работи за „чесен човек кој во овие краеви дошол од љубов кон вистината, лично да се запознае со ситуацијата, и за истата да донесе свој непристрасен суд."[36]

За убиството на генералот Шемси паша пишувал и Љубомир Михајловиќ, српски конзул во Битола, кој во два извештаи, од 7 и 8 јули 1908 г., упатени до српското Министерство за надворешни работи напоменува дека турскиот генерал е убиен од еден офицер во моментот кога излегувал од зградата на телеграфот, а дека причина за убиството е тоа што Шемси паша ѝ соопштил на својата војска дека цел на нивното движење кон Ресен е борбата против комитите, но тој ги повел во борба против Турците кои се побуниле против Портата. Се работело за припадници на Младотурското движење кои посебно биле силни во местото Ресен.[37] Инаку, Љубо Михајловиќ, српски конзул во Битола, во својот извештај од 23 јули 1908 година тврдел дека убиството на дебарскиот мутесариф е дело на младотурците, бидејќи се противел на нивната поддршка.[38]

Избивањето на Младотурската револуција и нејзината рефлексија на ситуацијата во Битолскиот вилает, исто така, била тема на известување на српскиот конзул во Битола. Михаиловиќ приметува дека движењето на Младотурците е добро подготвено, дека имало силна основа и дека е убаво примено меѓу локалното население. По неговите информации „сите затвореници во Битола, вкупно 1600, се пуштени од затвор, од нив 500 Грци и 43 Срби биле комити".[39] Во дописот од 20 август 1908 г. се известувало дека на иницијатива на Младотурците биле приредувани овации пред англискиот и францускиот конзулат во Битола и дека, покрај локалното население, на тие манифестации учествувале и национални делегации. Масата народ, која ја

34 АС, МИДС, ППО, 1907, II-ред 865, ПП Бр. 1439, Томић-Пашићу, 24. XII 1907/6. I 1908, Документи о спољној политици Краљевине Србије 1903-1914, књига II, свеска 4/II, 1/14. октобар-31. децембар 1907/13. јануар 1908, приредили Љ. А. Пејковић, Живота Анић, Београд 2008, бр. 560, стр. 1011-1012.

35 Исто

36 Исто

37 АС, МИДС, ППО, 1908, ред 711, ПП Бр. 609, 613, Михајловић-Министарству иностраних дела, 24. VI/7. VII 1908, Документи о спољној политици Краљевине Србије 1903-1914, књига III, свеска 2/I, 1/14. јуни-15/28. јули 1908, приредили М. Војводић, Љ. А. Пејковић, Београд 2011, бр. 87, 94, стр. 335-336, 346.

38 АС, МИДС, ППО, 1908, ред 711, ПП Бр. 661, Михајловић-Министарству иностраних дела, 10/23. VII 1908, Документи о спољној политици Краљевине Србије 1903-1914, књига III, свеска 2/I, бр. 187, стр. 477.

39 АС, МИДС, ППО, 1908, ред 711, ПП Бр. 4146, Михајловић-Министарству иностраних дела, 23. VII/5. VIII 1908, бр. 194, стр.. 483-484.

предводеле турските офицери, со знамиња и воена музика дошла пред англискиот конзулат очекувајќи дека ќе им се обрати англискиот конзул, кој не го сторил тоа, што кај народот предизвикало револт. Меѓутоа, кога стигнале пред францускиот конзулат, таму им се обратил францускиот конзул.[40]

Весникот „Тајмс" посветувал големо внимание на претставувањето на политичката ситуација во Битолскиот вилает од 1903 година, а посебно во текот на 1908 г. кога дошло до избивање на Младотурската револуција која во британската јавност е прифатена со големо воодушевување, како прилика да се стабилизира политичката ситуација во Турција, а положбата на христијаните да се подобри. Овој труд претставува скромен прилог кон проучувањето на политичките прилики на просторот на Битолскиот вилает во првите години од 20 век, со осврт на српско-македонските односи во тој период од гледна точка на „Тајмс" како еден од најугледните весници на британскиот остров.

40 АС, МИДС, ППО, 1908, ред 711, ПП Бр. 4338, Симић-Министарству иностраних дела, 7/20. VIII 1908, бр. 354. стр.. 760-761.

# СОДРЖИНА

В О В Е Д ......................................................................................................................5
ПОЗДРАВНО ОБРАЌАЊЕ НА Н.Е. М-Р СИЛЈАН МИЦЕВСКИ,
ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА Р.СРБИЈА ВО Р.МАКЕДОНИЈА ..............................................................7
Поздравни говор амб. Душанке Дивјак-Томић, на отварању VI међународног
научног симпозијума на тему „Афирмација, продубљивање и проширивање вековних
културних веза између Р. Македоније и Р. Србије“,Битољ,
30. и 31. октобар 2015.године .....................................................................................9
Поздравен говор на амб. Душанка Дивјак-Томиќ на отворањето на VI меѓународен
научен симпозиум на тема „Афирмација, продлабочување и проширување на вековните
културни врски меѓу Р. Македонија и Р. Србија“, Битола,
30 и 31 октомври 2015 година.....................................................................................11

**РЕФЕРАТИ / Литература и култура**

Акад. Милан ЃУРЧИНОВ
ЛИКОТ И ДЕЛОТО НА АНЃЕЛКО КРСТИЌ.......................................................................17
Станислав Станковиќ
Веселинка Лаброска
ЗА МАКЕДОНСКИТЕ ДИЈАЛЕКТНИ ИЗОЛАТИ ВО ЈУЖЕН БАНАТ:
ИСТОРИЈА И ФОНЕТСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ ..............................................................23
Вера Стојчевска Антиќ
ЗАГРЕПСКИ И БЕЛГРАДСКИ РАКОПИСИ СО МАКЕДОНСКА РЕДАКЦИЈА ..............................35
Проф. д-р Владимир Цветковски
СРПСКИ ЛЕКСИЧКИ ЗАЕМКИ И ДРУГ ВИД СРБИЗМИ ВО КОЛОКВИЈАЛНИОТ
МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО БИТОЛА..............................................................................39
Д-р Снежана Велковска,
БОИТЕ ВО БАЛКАНСКАТА ФРАЗЕОЛОГИЈА.................................................................45
Проф. д-р Васил Дрвошанов
ПРИЛОЗИТЕ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ ДИЈАЛЕКТИ НА МИЛИВОЈ ПАВЛОВИЌ ОБЈАВУВАНИ
ВО СПИСАНИЕТО „ГЛАСНИК СКОПСКОГ НАУЧНОГ ДРУШТВА“ ............................................51
Мери Јосифовска-Момировска
МАКЕДОНСКИОТ НАСПРОТИ СРПСКИОТ ЛИЧНОИМЕНСКИ СИСТЕМ.................................67
Лидија Тантуровска
„SA MAKEDONSKIM U SVET“ ........................................................................................73
Весна Миовска
ПОГЛЕД ВРЗ ПРЕЗИМИЊАТА СО СУФИКСИТЕ -ИЌ, -ОВИЌ, -ЕВИЌ КАЈ МАКЕДОНЦИТЕ .......85
Проф. д-р Мери Цубалевска
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков – Скопје
СРПСКОТО ЈАЗИЧНО ВЛИЈАНИЕ ВО ТЕТОВСКИОТ ГОВОР....................................................97
Проф. д-р Светлана Давкова-Ѓоргиева
ЗА АРХАИЧНОСТА НА ЛЕКСЕМИТЕ ОД ЕДНО СЕМАНТИЧКО ПОЛЕ ВО
МАКЕДОНСКИОТ И СРПСКИОТ ЈАЗИК.......................................................................103
Доц. д-р Марјан Танушевски
НАУЧНАТА СОРАБОТКА НА БАС-СКОПЈЕ И БАС ИНСТИТУТ ЗА МЕНАЏМЕНТ-БИТОЛА
СО АКАДЕМСКИ ИНСТИТУЦИИ ОД РЕПУБЛИКА СРБИЈА...................................................111

Проф. д-р Виолета Николовска
СРПСКО-МАКЕДОНСКИТЕ КУЛТУРНИ ВРСКИ ВО 19 ВЕК
(ВРЗ ПРИМЕРОТ НА ДЕЛОТО НА Ѓ. ПУЛЕВСКИ) ..................................................................115
Танас Вражиновски
СРПСКИ НАРОДНИ ПЕСНИ ВО ЗБОРНИКОТ НА ПЕТАР ДРАГАНОВ „МАКЕДОНИЈА
И МАКЕДОНЦИТЕ, I, МАКЕДОНСКОСЛОВЕНСКИ ЗБОРНИК“ .............................................121
Доц. д-р Лидија Ѓурковска
РАЗВОЈНИОТ ПАТ НА ТЕАТАРОТ ВО БИТОЛА 1918-1925 г. .................................................129
Проф. д-р Родна Величковска,
РЕФРЕНИТЕ И НИВНАТА ФУНКЦИЈА ВО ОБРЕДНАТА ПЕЈАЧКА ТРАДИЦИЈА
КАЈ СРБИТЕ И МАКЕДОНЦИТЕ ..........................................................................................135
Ирена Арсић
БЕОГРАДСКО ПЕВАЧКО ДРУШТВО НА ГОСТОВАЊУ У МАКЕДОНИЈИ 1894. ГОДИНЕ:
СКОПЈЕ, ВЕЛЕС И КУМАНОВО У ПУТОПИСУ СПИРА КАЛИКА ............................................151
Ирена Арсиќ
БЕЛГРАДСКОТО ПЕЈАЧКО ДРУШТВО НА ГОСТУВАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО 1894 ГОДИНА:
СКОПЈЕ, ВЕЛЕС И КУМАНОВО ВО ПАТОПИСОТ НА СПИРО КАЛИК....................................157
проф. д-р Снежана Веновска-Антевска
КРИТИЧКА АНАЛИЗА НА ДИСКУРСОТ НА ПРЕВОДИТЕ (ПРЕПЕВИТЕ) НА ТЕКСТОВИТЕ ОД
МАКЕДОНСКАТА И СРПСКАТА ЗАБАВНА МУЗИКА ..............................................................165
Димитар Пандев
ВИКЕНТИЕ РАКИЌ НАСПРОТИ ЈОАКИМ КРЧОВСКИ............................................................177
Проф. др Сунчица Денић
КОСОВСКИ ПЕСНИК ВЕЛИМИР ПАРЛИЋ (1910/1938) У АЛМАНАХУ 1930 НА ЈУГУ
И У СКОПЉУ .......................................................................................................................183
Проф. Д-р Сунчица Дениќ
КОСОВСКИОТ ПОЕТ ВЕЛИМИР ПАРЛИЌ (1910-1938) ВО АЛМАНАХОТ 1930 НА ЈУГ
И ВО СКОПЈЕ.......................................................................................................................191
Христина Андоновска
МАКЕДОНСКИОТ И СРПСКИОТ ЈАЗИК ВО ПОГЛЕД НА ЕВРОЛЕКТОТ.................................199
М-р Снежана Петрова-Џамбазова
ЗА НЕКОЛКУ РЕЛЕВАНТНИ ПЕСНИ ЗА ДЕЦА ОД МАКЕДОНСКИ АВТОРИ
И ЗА НИВНИТЕ ПРЕПЕВИ НА СРПСКИ ЈАЗИК .......................................................................205
М-р Ана Витанова Рингачева
МЕДИЈАТОРСКА АТМОСФЕРСКА ПРАКТИКА – ЗМЕЈОВИТИОТ ЧОВЕК ВО МАКЕДОНСКАТА
И ЗДУХАЧОТ ВО СРПСКАТА НАРОДНА ТРАДИЦИЈА ...........................................................209
Славе Николовски – Катин
ПУБЛИКАЦИЈАТА „ПРИДОНЕСОТ НА МАКЕДОНИЈА ВО СВЕТСКАТА ЦИВИЛИЗАЦИЈА“......223
м-р Сања Мирчевска
НЕКОИ ЗАЕДНИЧКИТЕ БЕЛЕЗИ НА МАКЕДОНСКАТА И СРПСКАТА ЛИТЕРАТУРА
ОД ВРЕМЕТО НА РОМАТИЗМОТ............................................................................................229
Проф. д-р Зоранчо Малинов
ПЧИЊСКИТЕ ЛАЗАРКИ (ЛАЗАРИЦЕ) - КУЛТУРЕН МОСТ ПОМЕЃУ
МАКЕДОНИЈА И СРБИЈА .....................................................................................................239
М-р Милена Ристова-Михајловска,
АВТОГРАФИТЕ НА МАКЕДОНСКИ КНИЖЕВНИЦИ, КОЛЕКЦИОНИРАНИ ОД
ЉУБОМИР СТОЈАНОВИЌ – СЕВРЕМЕНСКА БАЗА ЗА КНИЖЕВНА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА..........251
Иван Котев
ВИЛИТЕ И САМОВИЛИТЕ ВО ПЕСНИТЕ ЗА МАРКО КРАЛЕ ВО МАКЕДОНСКАТА
И СРПСКАТА НАРОДНА ЕПИКА .........................................................................................261

Трајко Огненовски
КРАЛОТ МАРКО – МАРКО МРЊАВЧЕВИЌ - ИСТОРИСКИ, ЛЕГЕНДАРЕН, ПОЕТСКИ, ДЕМОНСКИ, МИТСКИ ЛИК (1339 – 1395) И ВО ТОПОНИМИИ ВО БИТОЛСКО И ДЕМИРХИСАРСКО....271
Проф. д-р Христо Петрески
СРПСКИТЕ ВЕСНИЦИ И СПИСАНИЈА КАКО АФИРМАТОРИ НА МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНОСТ....285
Лилјана ГУШЕВСКА
ПАРТЕНИЈ ЗОГРАФСКИ И ВУК СТЕФАНОВИЌ КАРАЏИЌ....287
Проф. д-р Александар Стерјовски
БИТОЛСКИТЕ ДОПИСКИ НА УЧИТЕЛОТ - НОВИНАР ВУКОМАН Ч. ВУКОМАНОВИЌ....297
М-р Анета Шијакова; М-р Зоран Пејковски; Каролина Николоска;
МЕДИУМИТЕ ЗА УЛОГАТА НА СРПСКИОТ КОНЗУЛАТ ВО БИТОЛА ЗА ВРЕМЕ НА ГОЛЕМИТЕ ПОПЛАВИ ВО РЕГИОНОТ, ВО 2014 ГОД....303
М-р Зоран Пејковски; М-р Анета Шијакова; Каролина Николоска;
ИНТЕРЕСОТ НА МАКЕДОНСКИТЕ И СРПСКИТЕ МЕДИУМИ ЗА ОТВОРАЊЕТО НА ПОЧЕСНИОТ СРПСКИ КОНЗУЛАТ ВО БИТОЛА....313
М-р Никола Талевски
СОРАБОТКАТА НА СРПСКИТЕ И МАКЕДОНСКИТЕ АФОРИСТИЧАРИ....321
Проф. д-р Викторија Петковска
ОСВРТ КОН ПРЕВОДОТ НА ДЕЛОТО „ЦРНО ЈАГНЕ И СИВ СОКОЛ“ ОД РЕБЕКА ВЕСТ ИЗВРШЕН ОД ПРОФ. Д-Р ВЛАДИМИР ЦВЕТКОВСКИ....329
М-р Никола Главинче
ВОСПОСТАВЕНАТА СОРАБОТКА НА ПРАВНИЦИТЕ ОД БИТОЛА И БЕЛГРАД - АФИРМАЦИЈА НА КУЛТУРНИТЕ ВРСКИ....333
Стојанче Костов
ЗНАЧЕЊЕТО НА СРПСКИТЕ ЕТНОКОРЕОЛОЗИ ЉУБИЦА И ДАНИЦА ЈАНКОВИЌ ЗА МАКЕДОНСКАТА ЕТНОКОРЕОЛОГИЈА....339
Катерина Петровска-Кузманова
ВЕРТЕПОТ ВО МАКЕДОНСКАТА И ВО СРПСКАТА ТРАДИЦИЈА....345
Ѓорѓи Лазаревски
МАКЕДОНСКО – СРПСКИ РЕЛАЦИИ ВО ГЕРМАНИЈА....355
Проф. д-р Лилјана Макаријоска
МАКЕДОНСКАТА И СРПСКАТА СВАДБЕНА ТЕРМИНОЛОГИЈА....365
Доц. д-р Марија Паунова
ПРИДОНЕСОТ НА СРПСКАТА НАУКА ВО АФИРМИРАЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО ЕПИГРАФСКО БОГАТСТВО....375
Д-р Јасминка Ристовска Пиличкова
ВЛИЈАНИЕТО НА ПИРОТСКОТО КИЛИМАРСТВО ВРЗ РАЗВОЈОТ НА МАКЕДОНСКИТЕ КИЛИМИ....381

**РЕФЕРАТИ / Историја и археологија**

Проф. д-р Тодор Чепреганов
Проф. д-р Ѓорѓи Чакарјаневски
ПРВА МАКЕДОНСКО-КОСОВСКА УДАРНА БРИГАДА: БРИГАДА НА БРАТСТВОТО И ЕДИНСТВОТО (РЕТРОСПЕКТИВА)....401
Др Ема Миљковић
О ПОТРЕБИ ЗАЈЕДНИЧКОГ ИСТРАЖИВАЊА ПРОШЛОСТИ СРБИЈЕ И МАКЕДОНИЈЕ ПОД ОСМАНСКОМ ВЛАШЋУ....409

Д-р Ема Миљковиќ
ЗА ПОТРЕБАТА ОД ЗАЕДНИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА МИНАТОТО НА СРБИЈА
И МАКЕДОНИЈА ПОД ОСМАНЛИСКАТА ВЛАСТ ....................................................................417
Димитар Ѓорѓиевски
АРХЕОЛОШКИ ЗАПИС НА МИОДРАГ ГРБИЌ ЗА БИТОЛА
ПРЕКУ НЕОБЈАВЕНИ АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛИ ....................................................................425
Проф. Д-Р Вера Гошева
СРПСКИ ИЗВОРИ ЗА БИТОЛА ЗА ПЕРИОДОТ 1916-1918 ГОДИНА .....................................429
Проф.д-р Наташа Котлар-Трајкова
ИНТЕРВЈУТО НА БРАНИСЛАВ НУШИЌ СО ЈАНЕ САНДАНСКИ ВО 1908 ГОДИНА .................435
Др Драгомир Бонџић
ДОПРИНОС БЕОГРАДСКИХ НАУЧНИХ УСТАНОВА ИСТРАЖИВАЊУ РУДНОГ БЛАГА
МАКЕДОНИЈЕ – ПРИМЕР ИСТРАЖИВАЊА УРАНА ПОСЛЕ ДРУГОГ СВЕТСКОГ РАТА...........443
Д-р Драгомир Бонџиќ
ПРИДОНЕСОТ НА БЕЛГРАДСКИТЕ НАУЧНИ УСТАНОВИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО НА
РУДНОТО БОГАТСТВО НА МАКЕДОНИЈА – ПРИМЕР ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО НА УРАНОТ
ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА.......................................................................................455
Д-р Александар Литовски
СРПСКАТА ПРОПАГАНДА КОН ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ПО
ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА И УБИСТВОТО НА СПАСОЕ ХАЏИ ПОПОВИЌ ВО БИТОЛА...........469
Момир НИНКОВИЋ
Небојша СТАМБОЛИЈА
ПОЛИТИЧКА БИОГРАФИЈА ЈОВАНА АЛТИПАРМАКОВИЋА (1891–1953) ...........................477
Момир НИНКОВИЌ
Небојша СТАМБОЛИЈА
ПОЛИТИЧКАТА БИОГРАФИЈА НА ЈОВАН АЛТИПАРМАКОВИЌ (1891–1953) ......................487
Доц. д-р Димитар Љоровски Вамваковски
М-р Александар Јаневски
БИТОЛА ВО ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА XIX ВЕК: ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ ЗА ГРАДОТ
(Стопански односи, бројност, состав на населението, градски живот)............................499
Д-р Роберто Трајковски
ВОЕНИТЕ ЗАРОБЕНИЦИ ОД КРАЛСКАТА ЈУГОСЛОВЕНСКА ВОЈСКА ВО МАКЕДОНИЈА
ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА АПРИЛСКАТА ВОЈНА ВО 1941 ГОДИНА........................................507
Проф. д-р. Силвана Сидоровска-Чуповска
СРПСКИТЕ ГИМНАЗИИ ВО БИТОЛА (1897-1912)..................................................................513
Проф. д-р Македонка Митрова
ОБРАЗОВНО-КУЛТУРНАТА ПОЛИТИКА НА КРАЛСТВОТО СРБИЈА ВО ОСМАНЛИСКА
МАКЕДОНИЈА (XIX И ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК): ФАЗИ И ДОСТИГНУВАЊА.........................517
др Божица Славковић
ВЛАСТ БАНА И БАНСКЕ УПРАВЕ ВАРДАРСКЕ БАНОВИНЕ НА КОСОВУ И
МЕТОХИЈИ 1929-1941 ......................................................................................................531
д-р Божица Славкович
ВЛАСТА НА БАНОТ И НА БАНСКАТА УПРАВА НА ВАРДАРСКАТА БАНОВИНА НА КОСОВО И
МЕТОХИЈА 1929-1941 ......................................................................................................547
Проф д-р Александар Растовић
TIMES О МАКЕДОНИЈИ 1908. ГОДИНЕ ...............................................................................565
Проф д-р Александар Растович
„TIMES“ ЗА МАКЕДОНИЈА ВО 1908 ГОДИНА .....................................................................573

Арети Сидовска
ПОЛОЖБАТА ВО БИТОЛА ЗА ВРЕМЕ НА И НЕПОСРЕДНО ПО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА НИЗ БИТОЛСКАТА ПЕРИОДИКА....................583
Др Јасмина Милановић
СОЛИДАРНОСТ И ЕМАНЦИПАЦИЈА УТИЦАЈ ЖЕНСКИХ ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈ ДРУШТВА У 19. И ПОЧЕТКОМ 20. ВЕКА....................591
Д-р Јасмина Милановиќ
СОЛИДАРНОСТ И ЕМАНЦИПАЦИЈА ВЛИЈАНИЕТО НА ЖЕНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ОПШТЕСТВОТО ВО 19 И ПОЧЕТОКОТ НА 20 ВЕК....................609
М-р Соња Николова
ВЛИЈАНИЕТО И ПОЛИТИКАТА НА СРПСКИТЕ КАДРИ ВО МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО-ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ (1940-1943)....................629
Доц. д-р Александар Симоновски
НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНИТЕ ОДБОРИ ВО АДМИНИСТРАТИВНАТА ЕДИНИЦА БИТОЛСКА ОБЛАСТ ВО 1944 ГОДИНА....................641
Проф.д-р Мишо Нетков
СЕДЕК КОСТОВСКИ - ПРВИОТ РАДИОТЕЛЕГРАФИСТ НА ТИТО....................649
Проф. д-р Александар ТРАЈАНОВСКИ
ДЕЈНОСТА НА СРПСКИТЕ ВЛАДИЦИ ФИРМИЛИЈАН И ВАРНАВА ВО МАКЕДОНИЈА....................655
М-р Елена Јосимовска,
доц. д-р Верица Јосимовска
ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ ВО ШТИП НА СРПСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК ВО ПЕРИОДОТ 1913-1941 ГОДИНА....................667
Габриела Топузовска
АПТЕКИ И АПТЕКАРСКА СЛУЖБА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА КРАЛСТВОТО СХС/ЈУГОСЛАВИЈА....................675